**20131263042**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 56 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13 и 79/13), Министерот за труд и социјална политика, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО, ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ**

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната документација за остварување и користење на правото на социјална парична помош, („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/13), во член 2 став 2 по точката 10. се додава нова точка 11., која гласи:

„11. паричен надоместок што се исплаќа во рамки на ИПА проект кој го спроведува Министерството за труд и социјалната политика, финансиран од Европска унија за учество на обуки заради социјално вклучување, за времетраење на проектот. "

Точките 11. и 12. стануваат точки 12. и 13.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-5979/3
4 спетември 2013 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика
**Диме Спасов,** с.р.